NEWS
JUNE 01, 2017

„ЛУКОИЛ МАКЕДОНИЈА„ ШАМПИОН НА БИЗНИС ЛИГАТА НА МАКЕДОНИЈА

Во финалето на овогодинешната Бизнис Лига на Македонија за златниот медал се бореа екипите на ЛУКОИЛ Македонија и ЈСП. Екипата на ЛУКОИЛ Македонија во раната фаза од натпреварот дојде до водство по што следеше офанзива од страна на ЈСП преку која дојде до водство.

Мартин Алаѓозовски ја превзеде одговорноста и направи целосен пресврт и на полувремето имаше предност од 3-2. Во второто полувреме екипата на ЛУКОИЛ Македонија прикажа апсолутна доминација и со одличен фудбал стигна до предност од дури три гола. ЛУКОИЛ Македонија по втор пат го освои првото место на дадениот турнир.

ЛУКОИЛ Македонија го остави срцето на терен и дојде до златниот медал.